УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА

*МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА*

# ВЛИЈАНИЕТО НА НЕЦАРИНСКИОТ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ ВРЗ ГЛОБАЛНИТЕ ТРГОВСКИ ТЕКОВИ

Ментор:

Проф. д-р Силвана Мојсовска

Кандидат:

М-р Емилија Митева- Кацарски

Скопје, 2014 година

## АПСТРАКТ

Нецаринските бариери денес се најважниот регулативен инструмент на трговската политика на многу земји, посебно на големите и развиени економии. Порастот на релативната важност на нецаринските бариери, како инструмент на трговската политика, ја наметна потребата од подобро разбирање на нивното влијание врз трговските текови. Во оваа докторска дисертација се анализираат глобалните трендови и аспекти на нецаринскиот протекционизам. При емпириското истражување користени се бројни релевантни студии, извештаи и индикатори на веродостојни институции кои ја анализираат фреквентноста и ефектите на нецаринските бариери. Во анализата се вклучени нецаринските политики и практики во Јапонија, ЕУ и САД, посебно од аспект на значајните нецарински бариери и разликите во регулативата меѓу овие земји, нецаринските бариери кои се присутни во трговијата меѓу земјите во развој и развиените земји, како и во трговијата меѓу самите земји во развој. Резултатите од истражувањето укажуваат на фактот дека придонесот на нецаринските мерки во вкупната трговска рестриктивност е значаен и се проценува дека нецаринските мерки се далеку порестриктивни во споредба со царините. Техничките стандарди и санитарните и фитосанитарните мерки како доминантни нецарински бариери имаат позитивен трговски ефект за повеќето технолошки напредни индустриски сектори, но негативни ефекти врз земјоделскиот сектор. Негативното влијание на техничките стандарди и санитарните и фитосанитарните мерки е најголемо за земјите во развој кои се јавуваат во својство на извозници. Подобрувањето на трговскиот систем во рамките на СТО ќе биде најдобар начин за заштита од трговскиот протекционизам кој преовладува во глобалното опкружување. Завршувањето на преговорите во рамките на Доха ќе биде од голема помош во корекција на имперфектностите на денешната „осигурителна полиса“ на СТО и во борбата против овој нов вид протекционизам.



**Клучни зборови**: нецарински бариери, трговски текови, технички стандарди, санитарни и фитосанитарни мерки.

# ABSTRACT

Nowadays, the non-tariff barriers are the most important regulatory instrument of the trade policy of many countries, especially of the large and developed economies. The increase in the relative validity of the non-tariff barriers as an instrument of trade policy has imposed the need for better understanding of their impact upon the trade flows. In this doctoral thesis, there is an analysis of the global trends and aspects of the non-tariff protectionism. In the course of the empirical research, there have been used numerous relevant studies, reports and indicators of credible institutions which analyse the frequency and effects of the non-tariff barriers. In this analysis, there are included the non-tariff policies and practices in Japan, EU and the USA, especially those from the aspect of the important non-tariff barriers and the differences in the regulations among these countries, the non-tariff barriers which are being present in the trade between the developing countries and the developed ones as well as in the trade between the developing countries themselves. The results of the research point out the fact that the contribution of the non-tariff measures to the total trade restriction is important and it is estimated that the non-tariff barriers are far more restrictive in comparison with the tariffs. The technical standards and the sanitary and phytosanitary measures as dominant non-tariff barriers have a positive trade impact upon most of the technologically progressive industrial sectors, but they have negative impacts upon the agricultural sector. The technical standards and the sanitary and phytosanitary measures have the largest negative influence on the developing countries which are coming up in the capacity of exporters. The improvement of the trading system within the frames of WTO will be the best way of protection from the trade protectionism which predominates over the global environment. The completion of the negotiations within the frames of Doha will be of great help with the correction of the imperfections of today's "insurance policy" of WTO and in the fight against this new type of protectionism.


**Key words**: non-tariff barriers, trade flows, technical standards, sanitary and phytosanitary measures.

Содржина


ВОВЕД ........................................................................................... Error! Bookmark not defined.

I. ТЕОРЕТСКИ КОНСИДЕРАЦИИ ВО ВРСКА СО НЕЦАРИНСКИТЕ БАРИЕРИ ...........Error! Bookmark not defined.

1. Концептот на трговскиот протекционизам............................. Error! Bookmark not defined.

2. Дефинирање и карактеристики на нецаринските бариери..... Error! Bookmark not defined.

3. Класификација на нецаринските бариери……………………………………………………Error! Bookmark not defined.

3.1 Традиционални нецарински бариери ........................................ Error! Bookmark not defined.

3.1.1 Увозни квоти ........................................................................ Error! Bookmark not defined.

3.1.2 Прелевмани........................................................................... Error! Bookmark not defined.

3.1.3 Договор за „доброволно“ ограничување на извозот.............. Error! Bookmark not defined.

3.1.4 Субвенции............................................................................. Error! Bookmark not defined.

3.1.5 Јавни набавки ....................................................................... Error! Bookmark not defined.

3.1.6 Задолжително користење на домашни компоненти .............. Error! Bookmark not defined.

3.1.7 Дампинг и антидампиншки мерки .......................................... Error! Bookmark not defined.

3.1.8 Компензаторни мерки............................................................ Error! Bookmark not defined.

3.2 Технички бариери ...................................................................... Error! Bookmark not defined.

3.2.1 Технички стандарди и стандарди за квалитет на производитеError! Bookmark not defined.

3.2.2 Етикетирање на производите како техничка бариера со потенцијални трговски ефекти ............................................................................................ Error! Bookmark not defined.

3.2.3 Еколошки бариери и нивното влијаните врз трговските текови Error! Bookmark not defined.

3.3 Административни бариери........................................................ Error! Bookmark not defined.

3.3.1 Законски бариери во меѓународната трговија........................ Error! Bookmark not defined.

3.3.2 Процедурални бариери во меѓународната трговија .............. Error! Bookmark not defined.

3.3.3 Царинско вреднување............................................................ Error! Bookmark not defined.

3.3.4 Правила за потеклото на стоките ........................................... Error! Bookmark not defined.

3.3.5 Санитарни, фитосанитарни и здравствени мерки.................. Error! Bookmark not defined.

3.3.6 Царински формалности .......................................................... Error! Bookmark not defined.

II. ТРЕТМАНОТ НА НЕЦАРИНСКИТЕ БАРИЕРИ ВО МУЛТИЛАТЕРАЛНИТЕ ТРГОВСКИ ДОГОВОРИ ........................................................................................ .Error! Bookmark not defined.

1. Третманот на нецаринските бариери во рамките на Кенедиевата рунда на преговори Error! Bookmark not defined.

2. Нецаринските бариери во рамките на Токиската рунда на преговориError! Bookmark not defined.

3. Нецаринските бариери во рамките на Уругвајската рунда на преговори**Error! Bookmark not defined.**

4. Нецаринските бариери во рамките на Доха развојната агенда**Error! Bookmark not defined.**

III. НЕЦАРИНСКИТЕ БАРИЕРИ ВО РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ.......... **Error! Bookmark not defined.**

1. Глобалните трговски текови на развиените земји (ЕУ, САД и Јапонија) ............... **Error! Bookmark not defined.**

2. Нецаринскиот протекционизам на релација развиени –развиени земји**Error! Bookmark not defined.**

2.1 Нецаринските политики и практики на САД ........................ **Error! Bookmark not defined.**

2.1.1 Карактеристики на трговската политика на САД.............. **Error! Bookmark not defined.**

2.1.2 Нецаринскиот протекционизам на САД ............................. **Error! Bookmark not defined.**

2.2 Нецаринските политики и практики во ЕУ ........................... **Error! Bookmark not defined.**

2.2.1 Карактеристики на трговската политика на ЕУ................. **Error! Bookmark not defined.**

2.2.2 Нецаринскиот протекционизам на ЕУ ................................ **Error! Bookmark not defined.**

2.3 Нецаринските политики и практики во Јапонија.................. **Error! Bookmark not defined.**

2.3.1 Карактеристики на трговската политика на Јапонија........ **Error! Bookmark not defined.**

2.3.2 Нецаринскиот протекционизам на Јапонија....................... **Error! Bookmark not defined.**

3. Компаративна анализа на нецаринските бариери во трговијата меѓу САД, ЕУ и Јапонија........................................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

IV. НЕЦАРИНСКИТЕ БАРИЕРИ ВО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ.. **Error! Bookmark not defined.**

1. Глобалните трговски текови на земјите во развој (по региони)**Error! Bookmark not defined.**

2. Глобални трендови во нецаринските бариери кои влијаат врз земјите во развој... **Error! Bookmark not defined.**

2.1 Азија и Пацификот................................................................ **Error! Bookmark not defined.**

2.2 Латинска Америка и Карибите ............................................. **Error! Bookmark not defined.**

2.3 Африка и Средниот Исток .................................................... **Error! Bookmark not defined.**

3. Компаративна паралела на нецаринските мерки по региони**Error! Bookmark not defined.**

4. Нецаринскиот протекционизам во одделни земји во развој**Error! Bookmark not defined.**

4.1 Бразил.................................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

4.2 Чиле........................................................................................ **Error! Bookmark not defined.**

4.3 Индија .......................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

4.4 Филипини....................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

4.5 Тајланд .......................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

5. Компаративна паралела на нецаринските мерки во поodelни земји во развој ....... **Error! Bookmark not defined.**

6. Последиците од мултилатералните трговски договори во рамките на СТО за земјите во развој ........................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

V. МЕРЕЊЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД НЕЦАРИНСКИТЕ БАРИЕРИ**Error! Bookmark not defined.**

1. Аналитички приод за квантифицирање на економските и трговските ефекти од нецаринските бариери .................................................. **Error! Bookmark not defined.**

2. Проценка на ценовните ефекти од нецаринските бариери **Error! Bookmark not defined.**

3. Проценка на ефектите од нецаринските бариери врз трговските текови............... **Error! Bookmark not defined.**

4. Проценка на ефектите од елиминирање на нецаринските бариери**Error! Bookmark not defined.**

VI. НЕЦАРИНСКИОТ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНА ЕКОНОМСКА КРИЗА ................................................... **Error! Bookmark not defined.**

1. Новиот трговски протекционизам како одговор на глобалната економска криза - глобални трендови и импликации .............................................. **Error! Bookmark not defined.**

2. Нецаринскиот протекционизам и СТО-нови предизвици во рамките на глобалната финансиска криза ........................................................... **Error! Bookmark not defined.**

3. Трговската либерализација - иницијатива за отстранување на нецаринскиот протекционизам во услови на глобална економска криза ......... **Error! Bookmark not defined.**

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА.................................................. **Error! Bookmark not defined.**

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.......................................................................................28

## АВТОРЕЗИМЕ

на докторска дисертација под наслов **“ВЛИЈАНИЕТО НА НЕЦАРИНСКИОТ ПРОТЕКЦИОНИЗМ ВРЗ ГЛОБАЛНИТЕ ТРГОВСКИ ТЕКОВИ”** од кандидатот **м-р Емилија Митева-Кацарски, на Економски институт – Скопје, Универзитет Св.Кирил и Методиј, под менторство на проф.д-р Силвана Мојсовска.**

Во оваа докторска дисертација се анализираат глобалните трендови и аспекти на нецаринскиот протекционизам. Нецаринските бариери денес се најважниот регулативен инструмент на трговската политика на многу земји, посебно на големите и развиени економии. Претходно, царините беа доминантна препрека во меѓународната трговија од нивното појавување, пред неколку века. Но, како последица на значајната мултилатерална либерализација на царините, постигната во рамките на Општата спогодба за царини и трговија (ГАТТ) во втората половина на 20-ти век, царините ја загубија доминантната позиција на главен инструмент на трговската политика. Во текот на рундите на мултилатерални трговски преговори во рамките на ГАТТ, просечните царински стапки беа значително намалени во развиените земји, од речиси 60% во 1950-те години на помалку од 5% после Уругвајската рунда на преговори во

1994 година. Но, оваа значајна редукција на царините во втората половина на 20-ти век, не значеше дека трговските политики на повеќето земји беа целосно либерализирани, бидејќи како што царините се намалуваа, така некои други мерки на заштита станувaa видливи, и истите го стекнаа статусот на нов регулаторен механизам на трговските политики, посебно во развиените земји. Порастот на релативната важност на нецаринските бариери како инструмент на трговската политика, ја наметна потребата од подобро разбирање на нивното влијание врз трговските текови.

Листата на нецарински бариери е исклучително долга, а нивниот број со тек на време не се намалува, туку напротив, се зголемува. За илустрација, во меѓународната трговија се регистрирани повеќе од 2000 различни видови нецарински бариери. Нецаринските бариери имаат дискриминаторски карактер во надворешната трговија бидејќи тешко се идентификуваат, менуваат и контролираат. Тие опфаќаат широк спектар на адиминистративни и нецарински мерки, кои ги спречуваат нормалните надворешно трговски текови и овозможуваат дополнителна заштита на домашното стопанство.

**Работни хипотези, предмет и цел на истражувањето**

Познавањето на нецаринските бариери, проценката на нивните ефекти и степенот до кој тие можат да ја ограничат меѓународната трговија не е доволно истражено. Идентификувањето на бројните нецарински бариери е тешка задача со оглед на нивната нетранспарентност (тешко се откриваат во мрежата на национални прописи донесени со потполно оправдани цели). Целта на современите економии е интеграција во меѓународната заедница што подразбира значајни обврски за либерализација на пазарите и хармонизација на регулативата, а тоа едновремено се рефлектира и во доменот на нецаринските бариери. Трговската политика на секоја држава во оваа област мора да се базира на меѓународните правила, врз основа на кои најпрвин треба да ги идентификува нецаринските бариери, потоа да ја процени нивната неопходност со што некои да бидат веднаш отстранети, а останатите да се вклучат во преговорите со трговските партнери.

Предмет на истражување во овој труд се нецаринските бариери и нивното влијание во меѓународниот трговски систем.

Цели на истражување на трудот се:

- Идентификување на различните видови нецарински бариери во постојниот меѓународен трговски систем.
- Документирање на трендот на нецаринските бариери преку анализа на релевантни податоци и студии на случаи заради осознавање на нивното влијание врз меѓународната трговија.
- Квантифицирање на економските, посебно на трговските ефекти од нецаринските бариери.

Основната работна хипотеза при изработката на овој труд гласи: Експанзијата на нецаринските бариери, што е особено карактеристична за современиот трговски систем, повлекува нарушување на глобалните трговски текови и на конкуренцијата на глобалниот пазар. Како помошни хипотези во функција на докажување на главната хипотеза може да се наведат:

- Нецаринските бариери се поврзани со високи трошоци за заштита на националните економии и многу често повлекуваат поголеми рестриктивни и дисторзивни ефекти во споредба со царините, дури и кај земјите што истите ги наметнуваат во трговијата со други земји.
- Нецаринските бариери кои развиените земји ги воспоставуваат кон помалку развиените земји (царински и административни процедури и технички бариери) како и најчесто застапените бариери во меѓусебната трговија на земјите во развој (увозните квоти, извозните субвенции и барањето за локална компонента) предизвикуваат контракција на глобалните трговски текови.

Нецаринските бариери обезбедуваат предност на домашните производи на националните пазари, што директно придонесува за воспоставување на нелојална конкуренција на глобалниот пазар, која е посебно штетна за меѓународната трговија на земјите во развој.

За да се одговори на поставената цел и опстојно да се истражи предложениот предмет на истражувањето се применети повеќе методи на научното истражување. Темата, е многу комплексна и сложена, но истовремено се наметнува со својата актуелност. Трудот главно се базира на индуктивно-дедуктивниот метод, како и методите на

анализа и синтеза. Овие методи се применуваат во делот на трудот каде се посветува внимание на теоретските аспекти на оваа проблематика. Имајќи го во предвид фактот дека мерењето на ефектот на нецаринските мерки врз трговијата е комплексна задача која бара одредени квантитативни алатки и расположливост на податоци, при емпириското истражување се користени бројни релевантни студии, извештаи и индикатори на веродостојни институции кои ја анализираат фреквентноста и ефектите на нецаринските бариери.

Како основен извор на податоци за идентификување, анализа и мерење на ефектите од нецаринските бариери се користат податоци од: UNCTAD –TRAINS базата на податоци, WTO, ITC, GTAP, OECD, WB, IMF, а исто така се користи соодветна литература од оваа област.

Со цел да се обезбеди хронолошка и методолошка конзистентност во идентификувањето на бројните нецарински бариери и во квантифицирањето на нивните ефекти, докторската дисертација е систематизирана во шест поглавја, заклучок и библиографија.

***Првата глава-Теоретски консидерации во врска со нецаринските бариери*** е посветена на појмовното дефинирање на нецаринските бариери, вклучително и на нивните карактеристики по кои тие се разликуваат од останатите бариери во меѓународната трговија. Во врска со поимот нецарински бариери не постоеле многу дискусии се до шеесеттите години на 20-ти век, кога како резултат на примената на Општата спогодба за царини и трговија (ГАТТ), царините значајно се намалени во трговијата меѓу страните потписнички на овој договор. Бидејќи на тој начин државите биле скратени од можноста за примена на главниот инструмент на протекционизмот – царините, тие почнале да прибегнуваат кон други мерки со кои настојувале да го заштитат своето стопанство. Поради тоа, доаѓа до нагло зголемување на бројот и видовите на различните нецарински бариери, а оваа нова појава во меѓународната трговија авторите ја нарекуваат “нов протекционизам”.

Бидејќи нецаринските бариери претставуваат широка област на разновидни мерки, некои автори сметаат дека овие мерки не треба дури ни да се дефинираат, туку дека треба да се одредат некои критериуми по кои ќе се препознаваат овие мерки. Така во еден извештај на UNCTAD, нецаринските бариери се дефинираат како многу политики

и практики, кои иако често меѓусебно неповрзани, имаат барем две заеднички карактеристики:

1. ја насочуваат трговијата во корист на домашните производители
2. тоа го прават без употреба на инструментот царина

Истовремено, е направена нивна класификација на групи мерки и поединечни мерки заснована на постојните класификации во литературата. За потребите на ова истражување се користи поделбата на нецаринските бариери на традиционални нецарински бариери, технички нецарински бариери и административни (процедурални) нецарински бариери, при што се обезбедува детален увид во поимот и карактеристиките на секоја група. Сите видови нецарински бариери кои постоеле во моментот на нивно регулирање во рамките на ГАТТ, се нарекуваат нецарински бариери во потесна смисла односно традиционални нецарински бариери, за да истите се разликуваат од новонастанатите видови на нецарински бариери (новите технички и административни бариери). Најзначајни традиционални нецарински бариери кои овде се предмет на анализа се: квотите, прелевманите, доброволните извозни ограничувања, субвенциите, антидампинг мерките, компензаторните мерки, јавните набавки и задолжителното користење на домашни компоненти. Иако овие мерки денес се забранети согласно правилата на СТО, многу земји и понатаму ги применуваат или применуваат слични мерки на истите па поради тоа се наметнува потребата од нивна детална анализа за да истите се разликуваат од останатите надворешно трговски бариери. Правилата на СТО дури дозволуваат повремена примена на овие мерки во специфични случаеви (значајна платнобилансна рамнотежа) или за специфични субјекти (земји во развој).

Техничките бариери претставуваат мерки кои предизвикуваат ефект на рестрикција на трговијата, кој потекнува од примената на техничките прописи и стандарди. Техничките прописи се задолжителни барања кои ги одредуваат карактеристиките кои одреден производ мора да ги поседува. Може да се каже дека техничките прописи се документи кои содржат техничка спецификација за производот, кој треба да биде произведен според истата и кои се задолжителни за производителот. Кога одредени технички спецификации, како делови од техничките прописи или цели технички прописи постанат доминантни и општоприфатени, тие преминуваат во стандарди од кои не смее да се отстапува во процесот на производството. Од техничките бариери,

овде детално се анализираат техничките стандарди и стандардите за квалитет на производите, етикетирањето на производите како техничка бариера со потенцијални трговски ефекти, како и еколошките бариери и нивното влијание врз трговските текови. Влијанието на техничките прописи, стандардите и прописите за задолжително испитување на производите во меѓународната трговија, датира уште одамна. Повеќето европски земји во периодот кога поседувале големи колонијални царства, развиле сопствени стандарди кои се разликувале од држава до држава. Колониите исчезнале, но различните стандарди останале, па се појавил голем проблем во врска со неусогласеноста на стандардите, што во периодот на интензивирање на трговијата се наметнал како значајна бариера. Овие бариери се укинуваат единствено преку меѓународно регулирање на стандардите кое се реализира преку хармонизација на националните стандарди.

Административните бариери во трговијата се дефинирани како сите препреки во трговијата кои произлегуваат од примената на административните прописи, како закони така и подзаконски акти на државната управа, и процедури кои имаат значајно негативно влијание врз реализирањето на надворешната трговија на една земја (ја намалуваат трговијата), како извозот така и увозот, и на тој начин претставуваат своевидна протекционистичка мерка. За разлика од техничките бариери во меѓународната трговија, производителите поради постоењето на административните бариери во меѓународната трговија, не мора да го прилагодуваат производот во текот на производството, туку после реализираните процедури со кои е констатирано дека производот не задоволува одредени критериуми пропишани со закон. Анализата на административните бариери овозможува увид во законските и процедуралните бариери во трговијата, царинското вреднување, царинските формалности, правилата за потеклото на стоките како и санитарните и фитосанитарните мерки. И овие бариери значајно ги зголемуваат трошоците на фирмите кои се занимаваат со надворешна трговија, поради претераните барања во поглед на документацијата која е неопходна за реализирање на потребните процедури, како и поради временското траење на процедурите и таксите кои се наплаќаат за нивна реализација. Административните бариери во меѓународната трговија се помалку рестриктивни во споредба со техничките бариери, но сепак истите треба да бидат регулирани со цел понатамошна либерализација на светската трговија.

Оваа глава е заокружена со потенцирање на важноста на нецаринските бариери, кои како последица на значајната либерализација на царините, денес го имаат приматот на најзначаен инструмент на надворешно трговските политики на повеќето земји во светот.

***Втората глава-Третманот на нецаринските бариери во мултилатералните трговски договори*** се однесува на регулирањето на нецаринските бариери во мултилатералниот трговски систем. Овде се дава историска ретроспектива на нецаринските бариери преку анализа на различните рунди на мултилатерални трговски преговори. Поодело се третирани најважните трговски рунди - Кенедиевата, Токиската, Уругвајската и тековната Доха развојна агенда од аспект на прашањата што биле отворени и регулирани на рундите, како и суштинските проблеми непосредно поврзани со трговските регулативи. Поттикнувајќи ги трговските интереси преку преговорите во рамките на ГАТТ, Кенедиевата рунда го означува почетокот на одбранбените стратегии креирани од многу земји во развој. Одредбите на ГАТТ од 1947 година, посебно членот VI од оваа спогодба, им дозволувале на земјите потписнички да применуваат антидампиншки мерки. Токму, за овие нецарински мерки детално е расправано на оваа рунда на преговори. Земјите потписнички на ГАТТ го покренале оваа прашање, бидејќи сметале дека антидампиншките процедури кои се применуваат во САД, значајно ја нарушуваат меѓународната трговија. Така, земјите потписнички сметале дека не може да се толерира канадската антидампиншка процедура во која не се бара докажување на повредата која дампингот ја нанесува на домашната индустрија. Како резултат на преговорите, усвоени се правила со кои се регулира примената на антидампиншките мерки во облик на кодекс. Со овој кодекс било предвидено воведување на јасни антидампиншки процедури, ограничување на употребата на прелиминарни мерки, забрана на ретроактивна примена на антидампиншки мерки, како и барање во антидампиншката процедура да мора да се докажува постоењето на штета која дампингот ја нанесува на домашната индустрија.

Кенедиевата рунда на преговори, третира и дел од правилата со кои се регулираат административните бариери, па во рамките на тој контекст во 1967 година на оваа рунда на преговори е постигната Спогодба за американскиот систем на вреднување (American Selling Price Agreement), со која се укинува вреднувањето по продажна цена на американскиот пазар за хемиските производи, кое не е во согласност со ГАТТ.

После завршувањето на Кенедиевата рунда на преговори наглото проширување на нецаринските бариери ја загрозило постигната либерализација како резултат на намалените царински стапки во рамките на ГАТТ, и тоа било основната причина во текот на седумдесеттите години од минатиот век на т.н. Токиска рунда во рамките на ГАТТ, да се водат опширни преговори во врска со нецаринските бариери.

Од Токиската рунда на преговори произлегла серија на договори во врска со нецаринските бариери. Во повеќето случаи, овие договори биле потпишани од страна на релативно мал број на претежно индустријализирани земји потписнички на ГАТТ. Бидејќи овие договори не биле прифатени од страна на сите земји потписнички на ГАТТ, често неформално се нарекувале и "кодекси". Во групата на овие кодекси се класифицирале следниве: Договор за јавни набавки, Договор за субвенции и компензаторни мерки, Договор за анти-дампинг, Договор за царинско вреднување, Договор за стандарди, Договор за процедурите за издавање на увозни дозволи, Договор за говедско месо, Меѓународен договор за млечни производи како и Договор за трговија во цивилно воздухопловство.

Постигнатите договори за нецаринските бариери упатуваат на фактот дека работната програма на ГАТТ во врска со нецаринските бариери доживува значајна експанзија на Токиската рунда на преговори. Иако, секој од овие договори бил посветен кон решавање на конкретни проблеми, постојат одредени цели и постапки кои се заеднички за сите нив. Сите овие договори се обидувале да ја дисциплинираат примената на нецаринските бариери. Тие, исто така, настојувале да се зголеми "транспарентноста" која овозможувала отвореност и достапност на процедурите и прописите. Елиминирањето на дискриминаторната природа на процедурите, исто така било приоритет. Секој договор предвидувал воспоставување на Комитет според правилникот на ГАТТ, кој се состанувал периодично за размена на информации и решавање на проблеми. Постоеле и органи за решавање на спорови преку кои земјите потписнички можеле да покренат жалби поради практиките на други земји потписнички. Секој договор, исто така предвидувал посебни одредби за земјите во развој.

Овие договори не беа мултилатерални, но беа значаен почеток. Неколку од овие договори беа изменети во рамките на Уругвајската рунда на преговори и преминаа во мултилатерални обврски прифатени од страна на сите земји членки на СТО. Токиската

рунда на преговори претставува амбициозен обид за либерализирање на нецаринските бариери како главна пречка во меѓународната трговија.

Натамошното намалување или елиминирање на нецаринските бариери, претставува една од основните цели на преговорите водени во рамките на Уругвајската рунда на преговори. Еден од најзначајните резултати постигнати со преговорите во рамките на Уругвајската рунда на преговори, беше можноста одредени нецарински бариери подетално да бидат анализирани и воспоставувањето на институционален механизам за следење и оценување на функционирањето на нецаринските бариери. На оваа рунда на преговори е направена категоризација на нецаринските бариери во две групи: “соодветни според СТО” и “несоодветни според СТО”. Во тој контекст, реализираните преговори се однесуваат на елиминирање и ограничување на оние нецарински бариери кои спаѓаат во категоријата “несоодветни според СТО”. Но, и покрај горенаведените постигнати спогодби, недостигот на напредок во преговорите во насока на дисциплинирање на нецаринските бариери го оневозможи успешното завршување на Уругвајската рунда на преговори во тој домен. Ова негативно се рефлектираше врз надежите на многу учесници за постигнување на урамнотежен пазарен пристап.

Вклучувањето на нецаринските бариери во преговарачкиот мандат на преговорите од Доха, беше уште еден сигнал за тоа дека се потребни ефективни начини за решавање на проблемите кои можат да ги предизвикаат овие ограничувања за пристап до пазарот. Се до формирањето на Светската трговска организација во 1995 година, нецаринските бариери беа голем предизвик, но не беше направено многу во поглед на нивното дисциплинирање. Доха рундата на преговори, која започна на четвртата Министерска конференција на СТО во Доха, Катар (ноември, 2001 година), го вклучи дисциплинирањето на нецаринските бариери како дел од преговорите за не-земјоделски производи. Доха Декларацијата направи големи отстапки во поглед на применетата терминологија т.е. го третира проблемот на “нецаринските бариери” наместо се повеќе присутниот проблем на “нецаринските мерки” кој беше вклучен во претходните преговарачки процеси. Оваа промена во номенклатурата имаше две значајни димензии. Прво, фокусирањето на нецаринските бариери може да се смета како чекор напред во прецизното дефинирање на обемот на преговори. Фокусот на Уругвајската рунда на преговори врз нецаринските бариери предизвика проблем, бидејќи за неколку од “нецаринските мерки” се преговараше во други преговарачки групи, со што се создаде правно преклопување. Втората и онаа димензија која

предизвика нов сет на проблеми, беше тоа што Декларацијата не даде насоки за тоа како нецаринските бариери можат да бидат идентификувани. Поради тоа, голем дел од преговорите во врска со нецаринските бариери во рамките на оваа рунда, се посветени на дефинирање на нивниот обем. Вториот сет на прашања кои беа од клучно значење од аспект на преговорите, беа модалитетите/методологиите кои требаше да се усвојат за спроведување на преговорите. Оваа димензија има огромно значење од аспект на тоа дека дефинитивните резултати од преговорите ќе бидат имплементирани. Успешно завршените преговори во рамките на Доха рундата на преговори ќе бидат фундаментално значаен придонес од страна на СТО за справување со оние проблеми во меѓународната трговија кои не можат да се решат преку други форуми, како на пример нецаринските бариери.

***Третата глава-Нецаринските бариери во развиените земји*** ги презентира различните видови на нецарински бариери кои се присутни во трговијата на релација развиени-развиени земји. Во анализата се вклучени нецаринските политики и практики во Јапонија, ЕУ и САД посебно од аспект на  значајните нецарински бариери и разликите во регулативата меѓу овие земји. Нецаринскиот протекционизам на САД се наметнува во голема мера за некомерцијални цели. Истиот вклучува забрана за увоз на морски производи, ракчиња и туна од земји кои не ги почитуваат американските одредби за животна средина. Антидампинот останува клучен инструмент на трговската политика на САД. Политиката на САД во поглед на јавните набавки е овозможување на национален третман врз база на принципот на реципроцитет. За набавки кои не се во согласност со Спогодбата за јавни набавки или други меѓународни договори, САД наметнуваат низа барања (како на пример, купувајте американски производи). САД наметнуваат извозни ограничувања и контроли за национална безбедност.

Нецаринскиот протекционизам е силно изразен и во ЕУ. Истиот се манифестира во примена на заштитни, антидампинг и компензаторни мерки. Техничките прописи, стандардите како и санитарните и фитосанитарните мерки не се целосно хармонизирани меѓу земјите членки. Притоа, производите кои се пласираат на пазарот на земјата членка мора да бидат усогласени со националното законодавство како и со законодавството на ЕУ. Исто така, ЕУ обезбедува извозни субвенции за голем број на земјоделски производи. Нови прописи се донесени за заштита на географските називи за вина и жестоки пијалаци. Преовладува и различно толкување на регулативата за јавни набавки на ЕУ од страна на земјите членки.

Нецаринскиот протекционизам на Јапонија е манифестиран во различни форми. Јапонија наметнува забрани за увоз и увозни квоти за различни производи. Имено, поради опасноста од болести, Јапонија наметнува забрани при увоз на говедско месо и живина од различни земји. Увозот на одредени добра подлежи на одобрување на дозволи за увоз заради обезбедување на националната безбедност. Бројот на антидампинг мерки кој ги наметнува Јапонија е прилично мал и нема евиденција за наметнување на заштитни мерки.

Детално се анализирани трговските спорови покренати против трите земји. Три важни заклучоци произлегуваат од оваа анализа. Прво, постојат повеќе покренати жалби во врска со трговските бариери отколку што има решено. Второ, против САД се покренати повеќе трговски жалби отколку што се покренати заедно против останатите две земји, ЕУ и Јапонија. Трето, не може да се каже дека постои врска меѓу степенот на протекционизам и зачестеноста на трговските жалби против одредена земја. Основното прашање кое се поставува во врска со сериозноста на трговските жалби е дали бројот на прашања покренати против трговските политики на одредена земја всушност го одразува нивото на трговски ограничувања наметнати од страна на истата. Доколку тоа е така, во тој случај логичен би бил заклучокот: *повеќе покренати прашања против трговските политики = помалку трговија.* Од друга страна, постои веројатност меѓународната трговија да се јави како двигател на тој процес. Тоа може да се јави во услови кога трговските ограничувања се резултат на домашен отпор против странската конкуренција. Во тој случај, произлегува следнава ситуација: *поголема трговија води кон повеќе покренати прашања против трговските политики.* Повеќето од прашањата кои се покренати против ограничувањето на трговијата, се наводно базирани врз прекршување на меѓународните трговски договори. Постои веројатност дека овие договори не укажуваат на сериозни трговски ограничувања. Доколку е тоа така, произлегува тврдењето дека: *не постои поврзаност меѓу обемот на покренати трговски прашања и нивото на трговијата*. Се поставува прашањето која од наведените хипотези е најдоследна со податоци. Едниот приод е да се споредат податоците за односот меѓу трговијата и БНП со бројот на трговски жалби. Доколку покренатите жалби се причина за трговските проблеми, тогаш би можело да се очекува дека земјите против кои има покренати најголем број на трговски жалби, би имале најниско ниво на трговија како дел од БДП. Од друга страна пак, трговските жалби

можат да бидат последица на трговијата и во тој случај поголемиот број на трговски жалби ќе биде поврзан со поголемата дисперзираност на трговијата.

При анализата се зема во предвид и односот меѓу извозот и увозот како индикатор на трговската политика. Земјите кои практикуваат меркантилизам би го стимулирале извозот и ограничувале увозот. Оттука, односот меѓу нивниот извоз и увоз би бил поголем од 1. Земјите кои пак практикуваат слободна трговија би биле далеку потолерантни и односот меѓу нивниот извоз и увоз би бил помал од еден. И двата индикатори кои се опфатени во анализата, т.е. увозот како процент од БДП и нерамнотежата меѓу извозот и увозот упатуваат на ист заклучок. САД имаат највисоко ниво на увоз и најниско ниво на покриеност на увозот со извоз. Овие податоци укажуваат на тоа дека станува збор за доста отворена економија. Спротивно на тоа, Јапонија има најмала процентуална застапеност на увозот во структурата на БДП во споредба со останатите и најголема покриеност на увозот со извоз. Ова укажува на фактот дека јапонската економија е најзатворена за странски добра споредено со останатите земји. Податоците за ЕУ се движат меѓу овие две крајности, т.е. ЕУ е повеќе склона кон надворешна трговија во споредба со Јапонија, но помалку во споредба со САД.

Доколку се направи компарација меѓу бројот на поднесени трговски жалби за трите земји и нивото на трговска транспарентност се доаѓа до констатацијата дека не постои некоја значителна поврзаност меѓу овие два индикатори. Најголем број на трговски жалби се поднесени против САД кои имаат најмала покриеност на увозот со извоз и највисоко ниво на увоз. Овие мерки укажуваат на тоа дека за затворените земји како Јапонија постои помала веројатност дека ќе поднесат трговски жалби во споредба со отворените земји како САД. Со други зборови кажано, фреквентноста на поднесени трговски жалби не мора да биде точен показател за вистинските трговски ограничувања.

Нецаринските бариери во голема мера ја нарушуваат ефективноста на мултилатералниот трговски систем. Некои од нив, се пример за директен протекционизам (посебно во Јапонија и САД), додека пак некои се нус производи на домашните регулативи кои веројатно немаат намера да ја ограничат трговијата (посебно во ЕУ и САД). Нови трговски проблеми се јавуваат побрзо отколку што се решаваат старите. Двата основни инструменти за нивно решавање се билатералните

преговори и центарот за решавање на споровите во рамките на СТО. Сепак, постојат малку докази дека билатералните преговори се ефикасни, додека процесот на решавање на споровите во рамките на СТО одзема доста време и е генерално спор.

***Четвртата глава-Нецаринските бариери во земјите во развој*** ги анализира нецаринските бариери кои се присутни во трговијата меѓу земјите во развој и развиените земји како и во трговијата меѓу самите земји во развој. Иако, податоците за нецаринските бариери со кои се соочуваат земјите во развој се ограничени, истражувањето се базира на неколку главни извори на информации со цел да се обезбеди што покомплетна анализа. За да се обезбеди посеопфатна трговска слика за овие земји, најпрвин  се презентира краток преглед на трговските текови на земјите во развој, при што посебно внимание се посветува на бариерите што се применуваат за карактеристичните групи на производи што се извезуваат.

Притоа, анализата е систематизирана по континенти, при што податоците се агрегирани по региони – Азија и Пацификот, Америка и Карибите, како и Африка и Средниот исток. Нецаринските бариери во контекст на земјите во развој се детерминирани од структурата на нивниот извоз и од тоа кој е нивен најзначаен трговски партнер. Наодите од регионалните студии укажуваат на суптилни разлики во нецаринските бариери кои влијаат врз извозот на секој регион. За Азија и Пацификот, чија трговија се карактеризира со трудо-интензивни производи, особено текстил и облека, царинските квоти се применувале според клаузулата за најповластена нација, додека техничките прописи (особено етикетирањето) се јавуваат во литературата како најзначајни нецарински бариери со кои е соочен севкупниот извоз.

Во случајот со Латинска Америка и Карибите, кои се јавуваат како конкурентни извозници на земјоделски производи, санитарните и фитосанитарните мерки и извозните субвенции за земјоделски производи се посочени како главните бариери кои го отежнуваат пристапот на пазарот на земјите членки на ОЕЦД. Квантитативната анализа на зачестеноста на нецаринските мерки во Латинска Америка укажува на растечки тренд на зачестеност на техничките мерки. Исто така, пријавени се и покренати прашања за антидампинг, особено за челик, од страна на поголемите погодени економии во регионот.

Проучувањето на Африка и Средниот Исток укажува на тоа дека клучните нецарински бариери со кои се соочува извозот од овие региони како што се квантитативните

ограничувања и посебните увозни давачки немаат некој значаен рестриктивен ефект, но од друга страна пак е утврдено дека одредени нецарински бариери, посебно царинските квоти со клаузула за најповластена нација и доброволните извозни ограничувања им имаат помогнато на извозниците преку нивна заштита од конкуренцијата од другите региони во развој. Од друга страна пак, во извештаите е изразена загриженост за огромната концентрација на низа нецарински бариери врз стратешки производи за извоз кои се од интерес за регионот, посебно енергетскиот сектор.

Ваквиот пристап обезбедува слика за влијанието на нецаринските бариери врз конкурентноста на овие региони, како и за потенцијалите во однос на регионализацијата на трговијата. Тргнувајќи од фактот дека прашањето во врска со справувањето со нецаринските бариери со кои се соочуваат поодделните региони е повеќедимензионално, акцентот е поставен на интра-регионалните трговски релации, кои посебно треба да бидат негувани во услови на криза. Соочени со реалноста дека најголемите економии во светот не закрепнаа од Големата рецесија во 2008 година, некои региони не се вклучени во мрежата на меѓународни економски трансакции, благодарение на својот потенцијал како пазари, дестинација на инвестиции како и извори на суровини, производи и услуги. Оттука, произлегува и зголемениот интерес за регионално економско интегрирање.

Во насока на идентификување на нецаринските бариери како сегмент на трговските стратегии на земјите во развој, во оваа глава предмет на анализа е пилот проектот изработен од страна на УНКТАД во соработка со Меѓународниот трговски центар за седум земји во развој (Бразил, Чиле, Индија, Филипини, Тајланд, Тунис и Уганда), со цел да се утврди колку фирмите во овие земји се погодени од примената на нецаринските бариери. Оваа истражување е прв обид на Обединетите нации во справувањето со нецаринските бариери кои особено се интензивираат во периодот на глобалната економска криза. На тој начин, се надополнува мисијата на УНКТАД во креирањето на отворен, правичен, предвидлив и недискриминаторски мултилатерален трговски систем. Предмет на анализа во извештајот на УНКТАД, пред се, се техничките бариери во трговијата и санитарните и фитосанитарните мерки. Истражувањето овозможува подобро да се разберат трговските мерки на главните извозни дестинации на земјите во развој, како што се САД, ЕУ, Јапонија и новите земји во развој, како и да се обезбеди увид во нивните трговски регулативи. Собраните

податоци од пилот проектот, се анализирани за сите земји освен за Бразил. Бројот на случаи во врска со нецаринските мерки се разликува во сите земји, како резултат на големината на примерокот кој е предмет на истражување како и бројот на подносители на претставките. Истражувањето покажува дека фирмите кои извезуваат во 85,5% од случаевите се соочени со технички мерки, додека во 10,5% од случаевите се соочени со не-технички мерки. Имено, 51% од нецаринските мерки со кои се соочуваат анализираните фирми се поврзани со техничките бариери во трговијата, додека 34% со санитарни и фитосанитарни мерки. Останатите мерки, како што се контрола на цените на стоките пред испорака, контрола на квантитетот на стоките, финансиските и други мерки опфаќаат само 10,5% од вкупните нецарински мерки со кои се соочуваат фирмите извозничкиа. Слични резултати се констатирани и за фирмите кои увезуваат. Преку агрегирање на податоците се олеснува процесот на идентификација на нецаринските мерки, што е од суштинска важност за земјите во развој целосно да се вклучат во процесот на регулирање на нецаринските мерки, особено на санитарните и фитосанитарните мерки и техничките бариери во трговијата.

***Петтата глава-Мерење на ефектите од нецаринските бариери*** содржи анализа на различните ефекти од нецаринските бариери. Во оваа глава е презентиран аналитички приод за квантифицирање на економските и трговските ефекти од нецаринските бариери. Притоа, се анализирани ценовните ефекти на најзначајните нецарински бариери врз цените на 47 производи за широка потрошувачка, групирани во 4 одделни сектори во повеќе од 60 земји во светот. Резултатите покажуваат дека во просек нецаринските мерки применети на овошје и зеленчук и на говедско месо, ги зголемуваат малопродажните цени на овие производи за 141% и 93% соодветно, во 2001 година. Нецаринските мерки на овие производи се релативно помалку рестриктивни во Суб-Сахарска Африка, Источна Европа и некои земји од Блискиот Исток и релативно порестриктивни во ЕУ, САД и некои југоисточни азиски земји. Помалку рестриктивното влијание на нецаринските мерки е присутно кај преработената храна и облеката и тоа за 87% и 21% соодветно. Анализата во оваа глава продолжува во насока на проценка на ефектите од нецаринските бариери врз трговските текови кои се чувствителни на нивното влијание. Генерално, резултатите од анализата на влијанието на нецаринските мерки врз трговските текови укажуваат на следново:

- Клучните нецарински мерки се порестриктивни во споредба со постојните царини и со тоа го ограничуваат пазарниот пристап на земјоделските производи од ниско-доходовните земји.
- Нецаринските мерки се во негативна корелација со обемот на билатерална трговија.
- Хармонизацијата на стандардите води кон подобрување на трговијата.
- Рестриктивноста на техничките прописи се зголемува со приходот по глава на жител.

Придонесот на нецаринските мерки и традиционалните трговски политики во севкупната трговска рестриктивност, е презентиран поединечно. Исто така, е направено разграничување меѓу клучните економски сектори на земјоделство и производство. Користејќи ги индикаторите за мерење на ефектот на нецаринските мерки, развиени од страна на авторите Kee, Nicita и Olarreaga во 2009 година и имплементирани од Светска банка во нејзините извештаи за глобални анализи, се доаѓа до констатацијата дека нецаринските мерки во голема мера придонесуваат за ограничување на меѓународната трговија. Нивниот придонес во вкупната трговска рестриктивност, е обично многу повисок во споредба со оној на царините. Во случајот со високо-доходовните земји, придонесот на нецаринските мерки во вкупната трговска рестриктивност изнесува 4%, наспроти просечните царини кои учествуваат со околу 2%. Во принцип, нецаринските мерки се релативно порестриктивни во високо и средно-доходовните земји, отколку во ниско-доходовните земји. Ова делумно се должи на фактот што трговската политика на ниско-доходовните земји, сеуште во голема мера се базира на царинските ограничувања од причина што администрирањето на нецаринските мерки е посложено и поскапо.

Големи разлики во рестриктивноста на нецаринските мерки се евидентни помеѓу земјоделските и индустриските производи, при што нецаринските мерки значително го зголемуваат нивото на рестриктивност во земјоделскиот сектор, посебно во високо и средно-доходовните земји. Во овие земји, ефектот на трговските политики врз земјоделскиот сектор, се проценува во просек на 30%, од кои 20% отпаѓаат на нецаринските мерки. Во однос на производствениот сектор, влијанието на нецаринските мерки не е големо, посебно во ограничувањето на пристапот на пазарите

во високо-доходовните земји. Анализирајќи го производствениот сектор, нецаринските мерки имаат поголема важност во ограничувањето на пристапот на пазарите во средно и ниско-доходовните земји.

Анализата во оваа глава е заокружена во насока на идентификување во кои ситуации нецаринските бариери треба да биде отстранети. Друга димензија која се дискутира во овој контекст е, дали отстранувањето на нецаринските бариери најдобро се реализира на национално, регионално или мултилатерално ниво, што е особено важно од аспект на напорите за воспоставување на заеднички правила и регулативи во рамките на меѓународниот трговски систем. Кога елиминирањето на нецаринските бариери се реализира на национално ниво, не постои загриженост за делегирање на влијанието на наднационално ниво. Во денешни услови, се повеќе земји во развој и најмалку развиени земји пристапуваат кон склучување на повеќе реципрочни трговски договори, се со цел хармонизација на регионално ниво и зголемена благосостојба за сите земји членки на интеграцијата. Интересна национална програма за елиминирање на нецаринските бариери е презентирана од страна на Мексико. Искуството на Мексико ги нагласува придобивките кои произлегуваат од рационализирање на нецаринските мерки како дел од една поширока агенда за реформирање на регулативата. За успешно елиминирање на нецаринските бариери на регионално ниво, неопходно е делегирање на влијанието на над национално ниво.

Во поглед на мултилатералниот пристап за отстранување на нецаринските бариери, генерална е констатацијата дека мал напредок е постигнат во рамките на Доха рундата на преговори, со исклучок на олеснувањето на трговијата. Олеснувањето на трговијата ги опфаќа реформите кои се насочени кон намалување на трговските трошоци (поедноставување на трговските процедури и хармонизација на трговските правила). Преку постигнатиот консензус за олеснување на трговијата вклучен во Јулскиот пакет од 2004 година, доаѓа до зголемен раст на интра-индустриската трговија, зголемена размена на репроматеријали и децентрализација на активностите од развиените во земјите во развој. Од друга страна пак, преку елиминирање на алармантните нецарински мерки во процесот на олеснување на трговијата, се очекува зголемен пазарен пристап и зголемена конкурентност.

***Шестата глава-Нецаринскиот протекционизам во услови на глобална економска криза*** го анализира влијанието на нецаринскиот протекционизам врз трговските

текови во услови на глобална економска криза. Истражувањето во оваа глава се движи во насока на систематска анализа на глобалните трендови на новиот трговски протекционизам кои доведуваат до контракција на глобалната трговија и се закана за заздравувањето на економијата во период на криза и барањата за ефективен мораториум на протекционистичките мерки меѓу земјите на Г20. Притоа се доаѓа до констатација дека протекционистичките мерки кои се применуваа на глобално ниво, од појавата на економската криза во септември 2008 година, во голема мера не беа контрадикторни со одредбите на СТО. Протекционистичкиот карактер на повеќето такви трговски мерки е скриен и двосмислен и во суштина таквите мерки директно не се спротивни на одредбите на СТО, иако е јасно дека истите имаат рестриктивно влијание врз трговијата. Така, во официјалните известувања од страна на владите за воведување технички регулативи и давање дозволи за увоз, не е секогаш јасно прецизирано кои производи се предмет на таквите мерки, во кој временски интервал се имплементираат овие мерки, кои стандарди треба да се почитуваат, која е нивната цел и други информации. За двосмислениот протекционистички карактер на трговските мерки, сведочи и фактот што иако зголемувањето на царините е мерка што ја ограничува трговијата, ако ефективната царинска стапка е пониска од царинската стапка предвидена во договорите во рамките на СТО, зголемувањето на царинската стапка нема да биде во спротивност со одредбите на СТО.

Анализирајќи ја дисперзираноста на рестриктивните трговски мерки, се доаѓа до констатацијата дека употребата на нецаринските мерки е зголемена во однос на царините во периодот на глобалната финансиска криза ( на кои отпаѓа само 13% од вкупните нови рестриктивни трговски мерки), иако постојат исклучоци за одделни земји. Почнувајќи од 2008 година, бројот на рестриктивни нецарински мерки е поголем од бројот на мерки за либерализација на трговијата.

Во оваа глава е анализирана и редизајнираната улога на СТО како и перспективите за развој на глобалниот трговски систем. Она што светот го немаше во 1930-тите години, а го има денес е Светската трговска организација и нејзиниот систем на правила за меѓународниот трговски систем. Договорниот систем на СТО е еден вид на глобална осигурителна полиса против присутните нивоа на протекционизам во 1930-тите години. Но, осигурителната политика на СТО е несовршена на голем број начини и има низа недостатоци, што значи дека постои можност повеќето земји да усвојат многу повисоки нивоа на трговска заштита, без притоа да ги повредат одредбите на СТО. За

разлика од преговорите во врска со царините во рамките на СТО кои имаат за цел обезбедување нулта ниво на царини, овде се потенцира дека дискусиите во врска со нецаринските мерки треба да се фокусираат на транспарентноста и кохерентноста. Транспарентноста е круцијална. Имено, на производителите и трговците им требаат повеќе информации за постоечките нецарински мерки, кои по дефиниција се потешко мерливи и споредливи во однос на царините.

Конвергенцијата меѓу земјите со многу разлики во нивото на развој, е често невозможна. Оттука, соработката меѓу владите во поставувањето на стандардите, регионалните форуми и мултилатералните организации, остануваат најдобар начин. Она што преостанува е СТО преку расположливиот инструментариум да продолжи да им помага на извозниците во справувањето со нецаринските мерки или да им помага на владите во поставувањето на стандардите.

Истражувањето во оваа глава е заокружено со преглед на иницијативите за отстранување на нецаринскиот протекционизам изразени преку либерализација и поголема интеграција на земјите во глобалните трговски текови. Трговската либерализација има круцијално значење во решавањето на проблемите од глобалната економска криза, бидејќи трговијата е мултипликатор на домашната активност. Истата има позитивен придонес во намалување на контракцијата на глобалната трговија и стимулирање на агрегатната побарувачка.

Трговската либерализација манифестирана преку отвореност на пазарите за стоки, услуги и инвестиции им овозможува на земјите да ги искористат нивните ресурси на најефикасен начин, преку концентрирање на нивното производство во областите со најголема конкурентност. Вака креираниот динамички ефект на трговијата, го поттикнува технолошкиот напредок и ја зголемува продуктивноста. Соочени со предизвикот од глобалната криза, отворените пазари и модифицираните правила во рамките на СТО имаат клучна улога во модерирањето на одредени тенденции кои во периодот на криза ја намалуваат меѓународната трговија.

Во **заклучните согледувања**, се елаборирани констатациите и сознанијата од докторската дисертација. Имајќи го во предвид фактот дека нецаринските мерки не се лесно мерливи, тешко е да се оценат нивните ефекти врз трговијата и економската благосостојба. Генерално, од нецаринските мерки се очекуваат трговски ефекти кои можат да ја зголемат или намалат трговијата. Крајниот резултат зависи од

мотивираноста на мерката и начинот на нејзино дизајнирање. Во случаевите кога нецаринските мерки се применуваат за корекција на пазарниот неуспех, трговските ефекти се ненамерен нус-производ од остварување на јавната цел. Во други ситуации, кога нецаринските мерки се применуваат за да се манипулира во односите на размена или да се заштитат домашните производители, негативните трговски ефекти врз партнерите се основа за стекнување на добивка. Фактот дека истите нецарински мерки се користат и за остварување на општествено корисни цели и за остварување на протекционистички цели, оневозможува разграничување меѓу легитимните и протекционистичките мотиви на нецаринските мерки и идентификување на ситуации во кои нецаринските мерки доведуваат до непотребни трговски трошоци.

Придонесот на нецаринските мерки во вкупната трговска рестриктивност е значаен, и се проценува дека нецаринските мерки се далеку по рестриктивни во споредба со царините. Техничките стандарди и санитарните и фитосанитарните мерки имаат позитивен трговски ефект за повеќето технолошки напредни индустриски сектори, но негативни ефекти врз земјоделскиот сектор. Негативното влијание на техничките стандарди и санитарните и фитосанитарните мерки е најголемо за земјите во развој кои се јавуваат во својство на извозници. Расположливите податоци укажуваат на фактот дека техничките стандарди и санитарните и фитосанитарните мерки негативно влијаат врз трговијата со храна и земјоделски производи, пред се како резултат на високите трошоци за сообразност на процедурите. Економскиот, социјалниот и технолошкиот напредок резултираа со повисоки побарувања од страна на потрошувачите во врска со безбедноста на храната и се поставија нови предизвици пред глобално фрагментираните синџири на снабдување. Токму, мерките за безбедност на храната се поставија како алатка за одговор на овие предизвици. Како последица на тоа, различните пристапи за ублажување на можните негативни трговски влијанија, како што се усогласувањето и еквивалентноста, добиваат се поголемо внимание.

Економските придобивки од здружена меѓународна акција за отстранување на протекционистичките елементи во дизајнирањето и администрирањето на нецаринските мерки, ќе бидат значителни. Минимизирањето на разликите во регулативата преку хармонизација како и меѓусебното признавање на стандардите, ќе води кон значителни бенефиции. Во основа, напредокот кој што е постигнат, посебно во доменот на техничките стандарди и санитарните и фитосанитарните регулативи, го одржува ветувањето за понатамошен напредок.

Имајќи ја во предвид кумулативната штета направена на светската економија од наметнатиот протекционизам во услови на криза, во процесот на закрепнување на светската економија националните креатори на политиките треба да се спротивставаат на било какви искушенија во врска со протекционизмот. Националните министри во координација со меѓународните организации треба да ги идентификуваат трговските мерки кои предизвикуваат најголеми дисторзии и истите да бидат ставени во процес на преговори. Покрај тоа, СТО и другите меѓународни организации треба да ги заштитат малите и сиромашни земји од дискриминацијата на нивните трговски партнери. Понатаму, треба да се преиспита улогата на СТО од аспект на современите искуства. Ако досегашните мултилатерални трговски правила не беа доволно силни да се спротивставаат на протекционистичките решенија во услови на глобална економска криза, тогаш креаторите на политиките можеби ќе сакаат да отпочнат преговори за новите правила за субвенции, јавни набавки, извозни стимулации и други мерки кои често се применуваат во неодамнешниот период. Таквите преговори ќе бидат надвор од преговорите во рамките на Доха рундата, и останува отворено прашањето дали оваа рунда на преговори иако немодифицирана, најдобро ќе им служи на интересите на светскиот трговски систем.

Во услови на економска криза, трговијата може да биде дел од решението. За да функционира меѓународната заедница во вистинска смисла на зборот, неопходна е заедничка акција во отпорот против изолацијата. Ова е колективна одговорност на сите земји, големи или мали, силни или слаби. Одржувањето на отворена, фер и транспарентна глобална трговија, е од витално значење за економското закрепнување. Новиот протекционизам не може да биде "прониклив". Ниту една земја не може да го заштити својот домашен пазар, без другите да го направат истото. Следствено на тоа, протекционизмот ќе се шири низ целиот свет. Реалноста е дека протекционистичките мерки од страна на индивидуалните земји, веројатно нема да помогнат во напорите за обнова. Наместо тоа, неопходно е да се координираат домашните стимулативни пакети, да се соработува во решавањето на глобалните предизвици и да се размислува да се применува најмалку штетна трговска политика. Најдобар начин за борба против овој нов вид на протекционизам, е успешно завршување на Доха преговорите.

Завршувањето на преговорите во рамките на Доха, ќе биде од голема помош во корекција на имперфектностите на денешната "осигурителна полиса" на СТО.

Подобрувањето на трговскиот систем во рамките на СТО ќе биде најдобар начин за заштита од трговскиот протекционизам кој преовладува во глобалното опкружување.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**


1. Aggarwal and Evenett Vinod K. Aggarwal and Simon J. Evenett.: "Have Long-Established Patterns of Protectionism Changed During The Crisis? A Sectoral Perspective". In Simon J. Evenett (ed.) Broken Promises: A G-20 Summit Report by Global Trade Alert. Centre for Economic Policy Research: London, 2009;
2. Alessandro Nicita, Julien Gourdon: A preliminary analyisis on newly collected data on non-tariff measures, Policy issuses in international trade and commodities study series No. 53, UNCTAD, New York and Geneva, 2013;
3. Amjadi, Reincke and Yeats: Did External Barriers Cause the Marginalization of Sub-Saharan Africa in World Trade, The World Bank, 1996;
4. Anders, S. M. and Caswell, J. A.: “Standards as Barriers Versus Standards as Catalysts: Assessing the Impact of HACCP Implementation on U.S. Seafood Imports”, *American Journal of Agricultural Economics* 91(2), 2009;
5. Anderson, J. and E. Van Wincoop: “Trade Costs”, Journal of Economic Literature, 42(3), 2004;
6. Anderson, James and Peter Neary: "Measuring the Restrictiveness of Trade Policy", *World Bank Economic Review* 8:151-169; 1994;
7. Andrew Stoler and Peter Gallagher: “G20 Surveillance of Harmful Trade Measures”, in The Collapse of Global Trade, Murky Protectionism and the Crisis: Recommendations for the G20, (London, Centre for Economic Policy Research) 2009;
8. Andriamananjara, S., J. Dean, M. Ferrantino, M. Feinberg, R. Ludema and M. Tsigas: The Effects of Non-Tariff Measures on Prices, Trade, and Welfare: CGE Implementation of Policy-Based Price Comparisons, Social Science Research Network, Online (papers.ssrn.com) 2004;
9. Andriamananjara, S., M. Ferrantino and M. Tsigas: Alternative Approaches to Estimating the Effects of Non-Tariff Measures: Results from Newly Quantified Measures, USITC Office of Economics Working Paper 03-12-C, 2003;

10. Antoni Estevadeordal, Kati Suominen: Rules of Origin: A World Map, Inter-American Development Bank and the Asian Development Bank Institute, Washington, D.C., 2003;
11. APEC Secretariat: Quantitative Methods for Assessing the Effects of NTM and Trade Facilitation, World Scientific, 2005;
12. Asia-Pacific Economic Cooperation: Tariffs and Non-Tariff Measures: 2003 Collective Action Plan (CAP), 2004;
13. Athukorala, P.-C. and S. Jayasuriya: "Food Safety Issues, Trade and WTO Rules: A Developing Country Perspective". Working Papers in Trade and Development 2003/13. Canberra: Australian National University, 2003;
14. Baldwin Richard and Simon Evenett. 2009. "The Collapse of Global Trade, Murky Proteccionism, and the Crisis: Recommendations for the G20". Center for Trade and Economic Integration. The Graduate Institute, Geneva;
15. Baldwin, R.: Non-Tariff Distortions in International Trade, Washington, D.C., Brookings Institution, ; 1970;
16. Baldwin, Richard E. "Regulatory Protectionism, Developing Nations, and a Two-Tier World Trade System". Manuscript, 2000;
17. Baldwin, Robert E.:"Measuring Nontariff Trade Policies", National Bureau of Economic Research, Working Paper No. 2978, 1989.;
18. Beghin, John C. and Jean-Christophe Bureau: Quantification of Sanitary, Phytosanitary, and Technical Barriers to Trade for Trade Policy Analysis, Center for Agricultural and Rural Development, Working Paper 01-WP 291, Iowa State University, 2001;
19. Benjamin Arthur Levett: Through the Customs Maze, Customs Maze Pub. Co, 1923.
20. Bernard Hoekman, Aaditya Mattoo and Philip English: Development, trade and the WTO, The World Bank Washington D.C, 2002;
21. Bhagwati, Jagdish: Protectionism, MIT Press, Cambridge, Mass 1988;
22. Bhagwati,J.&Hudec, Robert: Fair Trade and Harmonization: Prerequisites for Free Trade? MIT Press, 1996 ;
23. Bidwell W. Percy: The Invisible tariff - A study of Control of Imports into the United States, Council on Foreign Relations, New York, 1939;
24. Blonigen, Bruce A. and Chad P. Bown: "Antidumping and Retaliation Threats", Journal of International Economics 60(2): 249-273, 2003;
25. Blyde, Juan S: "Does international trade hurt the environment? Old theory, new developments", International Trade Journal, vol. 14, No. 4, 2000;
26. Bora, B. and S. Laird: "Quantification of Non-Tariff Measures", Policy Issues in International Trade and Commodities, Study Series No. 18, UNCTAD, Geneva, 2002;
27. Bown, Chad P.: "Trade Remedies and World Trade Organization Dispute Settlement: Why Are So Few Challenged?" Journal of Legal Studies 34(2): 515-555, 2005;
28. Bureau, J.C. , S. Drogué and P. Ramos: Economic Implications of the Doha Development Agenda for Latin America and the Caribbean: Non-Tariff Measures. Paper presented at Second IDB/CEPII Conference om Economic Implicationas of the Doha Development Agenda for Latin America and the Caribbean, Washington, D.C., October 2003;
29. Cadot, O.: "Streamlining NTMs through regulatory reform: Lessons from the Mexican experience", World Bank mimeo, 2009;
30. Calvin, L. and Krissoff, B.: Technical Barriers to Trade: A Case Study of Phytosanitary Barriers and US-Japanese Apple Trade, *Journal of Agricultural and Resource Economics* 23, 1998;

31. Carrère and De Melo: “Non-Tariff Measures: What do we Know, What should be Done?”. World Bank Mimeo, 2009;
32. Carrère, C., J. de Melo: Notes on Detecting the Effects of Non-Tariff Measures, University of Geneva and CERDI, 2009;
33. Chang, Seung Wha. "GATTing a Green Trade Barrier-Eco-Labelling and the WTO Agreement on Technical Barriers to Trade". Journal of World Trade 31, no. 1 (1997): 137;
34. Chapman, Audrey and Po-Yee Lee: "Canadian & International Use of Anti-Dumping and Countervailing Measures", Research Branch, Canadian International Trade Tribunal (July), 1995;
35. Chen, M.X., T. Otsuki, J.S. Wilson: “Do Standards Matter for Export Success?”, *Policy Research Working Papers*, No. 3809, World Bank, Washington, DC, 2006;
36. Clements, Kenneth and Larry A. Sjaastad: How Protection Taxes Exporters, Thames Essay No. 39, Trade Policy Research Centre, London, 1984; Copenhagen Consensus project”, presented at a roundtable in Copenhagen, 24-28 May 2004;
37. David Hanson: Limits to Free Trade, Non-Tariff Barriers in the European Union, Japan and United States, Edward Elgar Publishing Limited, UK, 2010;
38. Dean, J. M., R. Feinberg, M. Ferrantino and R. Ludema: “Estimating the Tariff Equivalent of NTMs” in P. Dee and M. Ferrantino, eds. Quantitative Methods for Assessing the Effects of Non-Tariff Measures and Trade Facilitation, Singapore: World Scientific Publishing, 2005;
39. Deardorff, Alan V. and Stern, Robert M.:"Methods of Measurement of Nontariff Barriers", United Nations Conference on Trade and Development, UNCTAD/ST/MD/28. Geneva: United Nations, 1985;
40. Deardorff, Alan V., and Robert M. Stern: *Measurement of Nontariff Barriers: Studies in International Economics*. Ann Arbor MI: University of Michigan Press, 1998;
41. Deardorff, Alan V.: “Determinants of Bilateral Trade: Does Gravity Work in a Neoclassical World?” in Jeffrey Frankel, ed., *The Regionalization of the World Economy*, University of Chicago Press, 1997;
42. Dr. Koen G. Berden, Prof. Dr. Joseph Francois, Mr. Martin Thelle, Mr. Paul Wymenga, Ms. Saara Tamminen: Non-Tariff Measures in EU-US Trade and Investment – An Economic Analysis, ECORYS Nederland BV, Rotterdam, 2009;
43. Economic Commission for Latin America and the Caribbean (ECLAC): Barriers to Latin American and Caribbean Exports in the U.S. Market 2000-2001, ECLAC, Washington, DC, 2001;
44. Ederington, J., Levinson, A. and Minier, J.:Footloose and Pollution Free, NBER Working Paper No. 9718, 2003
45. Eichengreen, B. and D. Irwin: “The Slide to Protectionism in the Great Depression: Who Succumbed and Why?”, NBER Working Paper 15142, 2009;
46. Elisa Gamberoni and Richard Newfarmer: “Trade Protection: Incipient but Worrisome Trends”, World Bank *TradeNotes* No. 37, 2009;
47. Eva R. Sunesen, Joseph F. Francois and Martin H. Thelle: Assessment of barriers to trade and investment between the EU and the Japan, Copenhagen Economics, Copenhagen, 2009;
48. Ferrantino, M.: “Quantifying the Trade and Economic Effects of Non-Tariff Measures”, *OECD Trade Policy Working Papers*, No. 28, OECD Publishing, Paris, 2006;
49. Finger, J. Michael: Antidumping: How It Works and Who Gets Hurt, University of Michigan Press, Ann Arbor, Mich, 1993;

50. Fisher, Ronald, and Pablo Serra: “Standards and Protection”. *Journal of International Economics* 52: 377-400, 2000;
51. Francois, J. and D. Spinanger: "The Cost of EU Trade Protection in Textiles and Clothing", manuscript, 2000;
52. Freund, C.: “The Trade Response to Global Downturns: Historical Evidence”, World Bank Policy Research Working Paper 5015, Washington, 2009;
53. Friis Jensen, Michael: “Reviewing the SPS Agreement: A Developing Country Perspective”. Working Paper 02.3. Copenhagen: Danish Institute for International Studies, 2002;
54. Ganeshan Wignaraja, Dorothea Ramizo, and Luca Burmeister: Asia-Latin America Free Trade Agreements: An Instrument for Inter-Regional Liberalization and Integration?, Asian Development Bank Institute Working Paper Series, 2012;
55. Gasiorek, Michael, Alasdair Smith, and Anthony J. Venables, "Trade and Welfare-A General Equilibrium Model". In L. A. Winters, ed., Trade Flows and Trade Policy after 1992, Cambridge: Cambridge University Press, 1992;
56. Goldin, Ian, Odin Knudsen and Dominique van der Mehnsbrugghe: Trade Liberalization: Global Economic Implications, OECD, Paris, and World Bank, Washington DC, 1993;
57. Greenaway, D. et al.: "Anti-Dumping Policy and Non-Tariff Barriers", A Report to H.M. Treasury and the Department of Trade and Industry for the OECD Pilot Group Meeting on 28 September 1995,Department of Economics, University of Nottingham, processed, 1995;
58. Hamilton, Carl B.: “Restrictiveness and International Transmission of the ‘New’Protectionism”, Seminar Paper No. 367, Institute for International Economic Studies, Stockholm, 1986;
59. Henson, Spencer, and John S. Wilson, eds: *The WTO and Technical Barriers to Trade*, in the Critical Perspectives on the Global Trading System and the WTO series, Northampton, MA: Edward Elgar Publishing Ltd, 2005;
60. Howard J.Wall: Using the gravity model to estimate the costs of protection, Federal reserve bank of St. Louis Review, 1999;
61. Hufbauer, Gary C. and Joanna Shelton Erb: Subsidies in International Trade, Institute for International Economics, Washington DC, 1984;
62. Hufbauer, Gary Clyde and Kimberley Ann Elliott: *Measuring the Costs of Protection in the United States*. Washington, D.C.: Institute for International Economics, 1994;
63. Ian Gillson and Nick Charalambides: Addressing Non-Tariff Barriers on Regional Trade in Southern Africa, the World Bank Group, 2011;
64. Irwin, Douglas. “The Rise of U.S. Antidumping Activity in Historical Perspective”. IMF Working Paper No. 05/31. Washington: International Monetary Fund, February, 2005;
65. Jaffe, Adam B., Steven R. Peterson, and Paul R. Portney: "Environmental Regulation and the Competitiveness of U.S. Manufacturing: What Does the Evidence Tell Us?" *Journal of Economic Literature*, 1995;
66. Jelena Kozomara: Spoljnotrgovinsko poslovanje, Ars Libri, Beograd i Besjeda, Banja Luka, Beograd, 2001;
67. John S. Wilson, Catherine L. Mann and Tsunehiro Otsuki: Assessing the Potential Benefit of Trade Facilitation: A Global Perspective, World Bank Policy Research Working Paper 3224, 2004;
68. Judith M. Dean, Robert Feinberg, José E. Signoret, Michael Ferrantino, Rodney Ludema: ESTIMATING THE PRICE EFFECTS OF NON-TARIFF BARRIERS, USITC Working Paper No. 2006;

69. Judith M. Dean, Robert Feinberg, José E. Signoret, Michael Ferrantino, Rodney Ludema: Estimating the Price Effects of Non-tariff Measures, Office of Economics U.S. International Trade Commission, Washington, DC, 2008;
70. Kent Jones: Export Restraint and the New Protectionism. Ann Arbor: University of Michigan Press, 1995;
71. Komerskollegium: Consequences of the WTO-agreements for Developing Countries, National Board of trade, Sweden;
72. Krugman, Paul and Alasdair Smith, eds: Empirical Studies of Strategic Trade Policy, Chicago, University of Chicago Press, 1994;
73. Laird, S, and Alexander Yeats: Quantitative Methods for Trade-Barrier Analysis, New York University Press, 1990;
74. Laird, S.: "Non-tariff Measures in Hemispheric Free Trade Area Negotiations", IDB-ECLAC Working Papers on Trade in the Western Hemisphere, WP-TWH-18, 1992;
75. Leamer, Edward: "The Structure and Effects of Tariff and Non-tariff Barriers in 1983", in Jones and Krueger, 1990;
76. Lee, J.W. and P. Swagel: "Trade Barriers and Trade Flows across Countries and Industries", Review of Economics and Statistics, 79 (3), 1997;
77. Mantovani A. and M. Vancauteren: "The Harmonization of Technical Barriers to Trade, Innovation and Export Behavior: Theory with an Application to EU data". Mimeo, 2003;
78. Marco Fugazza**,** Jean-Christophe Maur**:** Non-Tariff Barriers in Computable General Equilibrium Modelling, POLICY ISSUES IN INTERNATIONAL TRADE AND COMMODITIES STUDY SERIES No. 38, UNCTAD, 2008;
79. Matthieu Bussиre, Emilia Pйrez-Barreiro, Roland Straub and Daria Taglioni: Protectionist responsens to the crisis**,** European Central Bank, 2010;
80. Mavroidis, P.: The principle of non discrimination : an analysis at the positive level, Regulatory barriers and the principle of non discrimination in world trade law, World Trade Forum Series, Michigan University Press, 2000;
81. Mayda, A.-M. and D. Rodrik: "Why are Some People (and Countries) more Protectionist than Others?", European Economic Review, 49, pp. 1393-1430, 2005;
82. Michael J. Ferrantino: Methodological approaches to the quantification of non-tariff measures, U.S. International Trade Commission, Office of Economics, Washington, D.C., 2009;
83. Michael J. Ferrantino: Analytical Approaches to Quantifying Economic Effects of Non-Tariff Measures, U.S. International Trade Commission, Office of Economics, Washington, D.C., 2006;
84. Mikic, Mia and Ramjoué, Melanie: Preferential Trade Agreements: An Insurance Against Protectionism? ARTNeT Issue No.2, February 2009;
85. Miranda, J., R. Torres and M. Ruiz: "The International Use of Antidumping: 1987-1997", Journal of World Trade, Vol. 32 No. 5 (October), pp. 5-71, 1998;
86. Moenius, J.: "Information versus Product Adaptation: The Role of Standards in Trade", Northwestern University, Kellogg School of Management, International Business and Markets Research Center Working Paper, 2004;
87. Monica A. Hangi: The Non-Tariff Barriers in Trading Within the East African Community, Economic and Social Research Foundation, 2010;
88. Neven, D.: "Evaluating the Effects of Non-tariff Barriers: The Economic Analysis of Protection in WTO Disputes", University of Lausanne and CEPR, 2000;
89. OECD: "Analysis of Non-Tariff Measures: The Case of Non-Automatic Import Licensing", TD/TC/WP(2002)39/FINAL, Paris, 2002;

90. OECD: “Overview of Non-tariff Barriers: Findings from Existing Business Surveys”, TD/TC/WP(2002)38/FINAL, Paris, 2002;
91. OECD: Analysis of Non-Tariff Barriers of Concern to Developing Countries, *OECD Trade Policy Working Papers*, No. 16, OECD Publishing, 2005;
92. Otsuki, T., J. Wilson and M. Sewadeh : Saving Two in a Billion: Quantifying the Trade Effects of European Food Safety Standards on African Exports, *Food Policy 26*, The World Bank, Washington, DC;
93. Pascal Lamy: ‘Protectionism cannot be smart’, Lamy tells Australian think-tank.WTO News: 2 March 2009;
94. Patrick Messerlin: Measuring the Cost of Protection in Europe, Washington, DC: Institute for International Economics, 2000;
95. Paul D. Paton: Legal Services and the GATS: Norms as Barriers to Trade, University of the Pacific - McGeorge School of Law, Sacramento, 2003;
96. Portugal-Perez A., Reyes J-D and J. Wilson: “Beyond the Information Tecnology Agreement: Harmonization of Standards and Trade in Electronics”. Policy Research Working Paper, N°4916, 2009;
97. Predrag Bjelic: Necarinske barijere u medjunarodnoj trgovini, Prometej, Beograd, 2004;
98. Ray, Edward J: “Tariff And Nontariff Barriers to Trade in the United States and Abroad”, The Review of Economics and Statistics, vol LXIII, no. 2, 1981;
99. Richard M. Ebeling: A New World Order: Economic Liberalism or the New Mercantilism?, FREEDOM DAILY, July issue, The Future of Freedom Foundation, Denver, Colorado, 1991;
100. Rodrik, Dani: ‘The myth of rising protectionism’, Project Syndicate, October, 2009;
101. Roningen, Vernon and Alexander Yeats: "Nontariff Distortions of International Trade: Some Preliminary Empirical Evidence". Weltwirtschaftliches Archiv. 112(4):613-625, 1976;
102. Rosendorff, B. Peter: “Voluntary Export Restraints, Antidumping Procedure, and Domestic Politics”, American Economic Review 86(3): 544-561, 1996;
103. RTFP: „Non-tariff barrier impact study for COMESA region“, Regional Trade Facilitation Programme, Pretoria, 2009;
104. Sheila Page, Michael Davenport: World Trade Reform Do Developing Countries Gain or Lose?, Overseas Development Institute, London, 1995;
105. Shepherd B. and J.S. Wilson: “Trade Facilitation in ASEAN Member Countries: Measuring Progress and Assessing Priorities”, WB Policy Research Working Paper 4615, 2008;
106. Simon J. Evenett: Not Just Victims: Latin America and Crisis-Era Protectionism, The 13th GTA Report, Centre for Economic Policy Research, London;
107. Sudip Ranjan Basu, Hiroaki Kuwahara, Fabien Dumesnil: Evolution of non-tariff measures: Emerging cases from selected developing countries, UNCTAD, New York and Geneva, 2012;
108. Swann, G. P., Temple, P. and Shrumer, M.:“Standards and Trade Performance: the UK Experience”, *Economic Journal* 106(438), 1996;
109. Swann, P.: The Economics of Standardization, Final Report for Standards and Technical Regulations, Directorate Department of Trade and Industry, Manchester Business School, 2000;
110. Takamune FUJII and Mitsuyo ANDO: Quantifying the Economic Impact of Removing Non-Tariff Measures: Tariff Equivalent Approach, The 5th Conference on Global Economic Analysis, Taipei, 2002;

111. Temple, P. and Urga, G.:“The competitiveness of UK Manufacturing: Evidence from Imports”, *Oxford Economic Papers* 49(2), 1997;
112. The Office of the United States Trade Representative: National Trade Estimate Report on Foreign Trade Barriers, 2007;
113. The Office of the United States Trade Representative: National Trade Estimate Report on Foreign Trade Barriers, 2008;
114. The Office of the United States Trade Representative: National Trade Estimate Report on Foreign Trade Barriers, 2009;
115. The Office of the United States Trade Representative: National Trade Estimate Report on Foreign Trade Barriers, 2010;
116. The Office of the United States Trade Representative: National Trade Estimate Report on Foreign Trade Barriers, 2011;
117. The Office of the United States Trade Representative: National Trade Estimate Report on Foreign Trade Barriers, 2012;
118. The Office of the United States Trade Representative: National Trade Estimate Report on Foreign Trade Barriers, 2013;
119. The World Bank: A survey of non-tariff measures in the East Asia and Pacific region, Policy research report, WB, 2008;
120. Trefler, D.: “Trade Liberalization and the Theory of Endogenous Protection: An Econometric Study of U.S. Import Policy”, Journal of Political Economy, 101 (1), 138-160, 1993;
121. UNCTAD: Growing protectionism and the standstill on trade barriers against imports from developing countries, Committee on Manufacture, 9. Session, Geneva, 1978;
122. UNCTAD: NON-TARIFF MEASURES TO TRADE: Economic and Policy Issues for Developing Countries, United Nations, 2013;
123. United Nations Conference of Trade and Development: Non-tariff measures: Evidence from selected developing countries and future research agenda, United Nations, New York and Geneva, 2010;
124. United Nations: World Economic Situation and Prospects 2014 United Nations, New York, 2014;
125. United States Trade Representative: *Report on Sanitary and Phytosanitary Measures* (*SPS Report*), USTR, 2013;
126. USITC: The Economic Effects of Significant Import Restraint, Third Update, 2002, US International Trade Commission Publication No. 3519, 2002;
127. Vousden, N.: The Economics of Trade Protection. Cambridge: Cambridge University Press, 1990;
128. Weiling, Jeff, Margaret McCarthy and Qing Wang: “The Benefits and Costs of Trade and Liberalization on the U.S. Economy: An Industry Analysis”, Manufactures Alliance/MAPI, 1999;
129. Wilson, J.: "Technical Barriers to Trade and Standards, Challenges and Opportunities for Developing Countries Presented by the World Bank". Submitted to the Technical Barriers to Trade Committee Meeting World Trade Organization, Geneva, 2000;
130. Wilson, John S., Catherine L. Mann, Yuen Pau Woo, Nizar Assanie, and Inbom Choi. 2002. Trade Facilitation: A Development Perspective in the Asia-Pacific Region. Singapore: APEC Secretariat;
131. Winters, A: “Trade Liberalisation and Economic Performance: an Overview”, The Economic Journal, vol 114, February 2004, pp. F5-F21;

132. World Bank: “A Survey of Non-Tariff Measures in the East Asia and Pacific Region”, Policy Research Report, 2008;
133. World Economic Situation and Prospects 2012: Global economic outlook, United Nations, New York, 2011;
134. World Trade Report 2012: Trade and public policies: A closer look at non-tariff measures in the 21st century, WTO, 2013;
135. WTO, ‘Trade Protection: Incipient but worrisome trends’, Trade Notes, number 37;
136. Zanardi, M.: Antidumping: What are the Numbers to Discuss at Doha?, Blackwell Publishing Ltd, Oxford, 2004.

**Интернет страници:**

http://ageconsearch.umn.edu
http://arno.unimaas.nl
http://ec.europa.eu
http://eiop.or.at
http://epp.eurostat.ec.europa.eu
http://hackvan.com
http://pdf.usaid.gov/pdf_docs/PNADP635.pdf
http://siteresources.worldbank.org
http://trade.ec.europa.eu
http://www.academia.edu
http://www.brookings.edu
http://www.civitas.org.uk
http://www.ehow.com
http://www.fao.org
http://www.fordschool.umich.edu
http://www.globaltradealert.org/
http://www.hec.unil.ch
http://www.heritage.org/index/ranking
http://www.hm-treasury.gov.uk
http://www.iie.com
http://www.imf.org
http://www.intracen.org/publications/
http://www.isil.org/
http://www.jmcti.org
http://www.meti.go.jp
http://www.odi.org.uk
http://www.oecd-ilibrary.org
http://www.rieti.go.jp
http://www.theguardian.com
http://www.un.org/en
http://www.unctad.org/
http://www.unescap.org
http://www.usitc.gov
http://www.ustr.gov/trade-agreements
http://www.voxeu.org
http://www.worldbank.org/
http://www.worldtradelaw.net
http://www.wto.org/

http://www1.american.edu